*ОПШТИНА КАРПОШ*
*КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА*
*ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 11-2335/83
Датум: 28.07.2020 год.
Скопје

Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање на Општина Карпош (во натамошниот текст: Комисија) во состав: Горан Павлов-Председател, Богданка Милошевиќ Мучева, Олга Цубалеска Јаневска, Зорица Спанцева-членови од Општина Карпош и Славица Живковиќ- надворешен член од Град Скопје, по добивањето на негативно мислење од Државен правобранител на Република Северна Македонија IМбр.157/2020 од 13.07.2020 година, согласно член 15 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 124/15) и член 64 од Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ПОНИШТУВА ПОСТАПКАТА ЗА ОТТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ БР.01/2020 на Општина Карпош, за продажба на земјиште означено како ГП бр.19.11, предвидено со Детален урбанистички план за Градска четврт за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул. Митрополит Теодосије Гологанов и бул. 8-ми Септември) Општина Карпош - Скопје , донесен со Одлука на Совет на Општина Карпош бр.09-1484/8 од 03.03.2017 година, со намена А1 -Домување во станбени куќи, со компатибилни класи Б1, В1, Б5 и Д3-30%, со површина од 368 м$^2$.

## О б р а з л о ж е н и е:

Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање на Општина Карпош во состав: Горан Павлов-Председател, Богданка Милошевиќ Мучева, Олга Цубалеска Јаневска, Зорица Спанцева-членови од Општина Карпош и Славица Живковиќ- надворешен член од Град Скопје, спроведе постапка за продажба на земјиште означено како ГП бр.19.11, предвидено со Детален урбанистички план за Градска четврт за Градска четврт З 09 (опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул. Митрополит Теодосије Гологанов и бул. 8-ми Септември) Општина Карпош - Скопје , донесен со Одлука на Совет на Општина Карпош бр.09-

1484/8 од 03.03.2017 година, со намена А1 -Домување во станбени куќи, со компатибилни класи Б1, В1, Б5 и Д3-30%, со површина од 368 $м^2$.

По спроведеното јавно наддавање одржано на 17.06.2020 година во 10 часот изготвен е Предлог договор за оттуѓување на градежно неизградено земјиште и истиот е доставен на мислење до Државно правобранителство на Република Северна Македонија.

Од Државното правобранителство на Република Северна Македонија добиено е негативно мислење заведено под број IМбр.157/2020 од 13.07.2020 година.

Согласно напред наведеното врз основа на одредбите содржани во член 64 од Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), се одлучи како во диспозитивот и се поништи постапката за оттуѓување на градежно неизградено земјиште на Општина Карпош број 01/2020 објавена во дневни весници и на веб страната на Општина Карпош на 21.05.2020 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса и се поднесува во два примерока.

**Комисија за спроведување**
**на постапки за јавно наддавање**
**Председател**
**Горан Павлов**

**Членови:**
1. Богданка Милошевиќ Мучева,член
2.Олга Цубалеска Јаневска,член
3. Зорица Спанцева,член
4.Славица Живковиќ-надворешен член